Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Сектор за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНСКИТЕ И ДРУГИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА 2020 ГОДИНА

23 септември 2019 година

I ВОВЕД

## ГОДИШНА ПРОГРАМА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНСКИТЕ И ДРУГИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД СОЦИЈАЛНАПОЛИТИКА ЗА 2020 ГОДИНА

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата подготвува Годишна програма за работа врз основа на член 330 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019 и 146/2019, член 208-а од Законот за заштита на децата децата („Службен весник на Република Северна Македонија"број 198/2018 и 104/2019) и член 15 од Законот за инспекциски надзор ( Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015 . 53/2016, 11/2018, 83/2018 и 120/2018), како и Правилникот за формата и содржината на Годишната програма за работа на инспекциските служби Службен весник на Република Македонија бр. 44/2015).

Годишната програма на Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2020 година се остварува преку квартални планови за секој инспектор поединечно, кои се составен дел на оваа програма. При утврдување на содржината на Годишната програма за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштитата на децата за 2020 година, се тргнува од надлежностите и организацијата на Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата утврдени со закон и Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика, граден на секторско ниво, а земајќи ги предвид приоритетите на министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија.

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита, другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита како професионална дејност над примената на законските и другите прописи од областа на заштитата на децата. Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата е организиран во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика и тоа:

- Државен советник 1 - извршител,
- Главен инспектор–1 извршител,
- Виши инспектори – 3 извршители .
- Во секторот се организирани 4 (четири) одделенија, од кои 3 (три) одделенија вршат инспекциски надзор и тоа:
- Одделение за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци; 12 извршители
- Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјална заштита; 11 извршители
- Одделение за инспекциски надзор на дејноста заштита на децата 2 извршители

## II ИНСТИТУЦИОНАЛНИ НАДЛЕЖНОСТИ

Надлежноста на Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата е утврдена со Законот за социјалната заштита ( Службен весник на Република Северна Македонија број 104/2019 и 146/2019 ), член 208-а од Законот за заштита на децата децата („Службен весник на Република Македонија ” 198/2018 и 104/2019 и Правилникот за формата и содржината на Годишната програма за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Македонија ” бр. 44/2015).

## III МИСИЈА

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата се залагаа за доследна примена на законската регулатива и други прописи произлезени по таа основа од страна на субјектите на инспекциски надзор, развој на надзорната и инспекциската функција во областа на правата и услугите од социјалната заштита и подобрување на квалитетот на процесот на остварување на правата за заштита на децата и исполнување на обврските на корисниците, згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните и приватните установи за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст- детски градинки, детските одморалишта, физичките лица за самостојно вршење на одредени работи од дејноста загрижување и воспитание на деца како професионална дејност .

## IV ВИЗИЈА

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата негувајќи ги принципите за континуирано подобрување на репутацијата на инспекциската служба, ќе се насочи кон целосна промоција на политиките и стратешките приоритети на Програмата на Владата на Република Македонија, насочени кон заштита на семејството, децата како и почитување на човековите права, пристап до права и услуги на корисниците кои се нашле во социјален ризик и нивните семејства, обезбедување на квалитет во процесот на остварување на правата на децата, згрижувањето, воспитанието, одморот и рекреација на децата во јавните и приватните установи за деца како и надминување на сите ризици дефинирани со закон од страна на субјектите на надзор.

## V ВРЕДНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

Како државен орган со изградена хиерархиска организација, дисциплина, висока култура, транспарентност, свест и традиција, високо се негуваат и надградуваат следниве принципи и вредности:

1. Стручност, компетентност и резултати од работата, ќе претставува единствен услов за градење кариера во доменот на МТСП;
2. Одговорност и мотивираност на вработените за постигнување на подобри резултати во работењето;
3. Адекватно и реално планирање, развој и едукација на човечките ресурси;
4. Бескомпромисна борба против корупцијата и сите појавни облици на организиран криминал во доменот на министерството и институциите кои се во негова надлежност;
5. Целосно координирана меѓусекторска, меѓуинституционална и регионална соработка за поквалитетно спроведување на активностите на одделението и институциите кои спроведуваат активности во дејноста;

Во рамки на своите надлежности, Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата ќе се залага за професионално, стручно, посветено и одговорно реализирање на Годишната Програма за 2020 година, законито и навремено постапување, во согласност со Етичкиот кодекс на државни службеници и Етичкиот кодекс на инспекциската служба, како и овозможување на поголема ефикасност во работата на Установите од социјална заштита и установите за згрижување на деца преку континуирани контроли од страна на службите, спречување и санкционирање на потешки повреди и злоупотреби на правата на корисниците и доследна примена на законите и другите прописи донесени врз нивна основа од овие области. Во оваа насока, инспекторите задолжително ќе постапуваат во согласност со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и документи, а воедно ќе обезбедат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи.

Инспекциската служба, како организационен дел на Министерството за труд и социјална политика ќе ги почитува основните начела на инспекцискиот надзор дефинирани со закон и тоа:

-начело на законитост,
-заштита на јавниот интерес ,

-начело на еднаквост,
-непристрасност и објективност,
- начело на материјална вистина,
-начело на сослушување на субјектите на надзорот,
-начело на самостојност,
-начело на јавност,
- начело на пропорционалност,
-начело на превенција и
-начело на субсидијарност.

VI ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

При градењето на Годишната програма за работа за 2020 година Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата се раководи од следните закони, како и сите подзаконски акти донесени врз нивна основа и тоа:

- Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/2019 и 146/2019,
- Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија " 198/2018 и 104/2019)
- Закон за семејството ("Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 09/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012 38/2014 , 115/2014 , 104/2015 , 150/2015 )
- Закон за превенција , спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија" број 138/2014 и 33/2015 и 150/2015 )
- Закон за Установите ("Службен весник на Република Македонија" број 32/2005,120/2005, и 51/2011)
- Закон за правда за децата ("Службен весник на Република Македонија" број 148/2013 )
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015 и 53/2016 , 11/2018, 83/2018 и 120/2018 )

- Законот за прекршоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015, 96/2019
- Правилникот за формата и содржината на Годишната Програма за работата на инспекциските служби (“Службен весник на Република Македонија“ број 44/2015)

## VII ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОСТВАРАТ СО ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата во рамки на реализирањето на Годишната програма за 2020 година ќе се насочи кон постигнување на следните цели:

1. доследно применување и спроведувањето на законите и другите прописи и акти донесени врз нивна основа
2. намалувањето на број на утврдени неправилности и изречени мерки
3. зголемена одговорност на стручните работници во примената на прописите
4. подигнување на квалитетот на стручната работа во пружање на права и услуги на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштита на децата
5. обезбедување на социјална заштита и сигурност на лицата и семејствата во социјален ризик.

## VIII АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНАТА СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Од вкупно извршените инспекциски надзори констатирани се низа неправилности кои преставуваат актуелен ризик во остварување и користење на правата и услугите од социјалната заштита и заштитата на децата. Со недоследната примена на прописите се оневозможува превенција на поединецот, децата и семејствата, од социјалните ризици дефинирани со закон, како и постоење на ризик од социјална исклученост и работата на установите за деца и тоа:

1. Неажурно водење на документација и евиденција за корисниците

2. Ненавремено решавање на барањата за остварување на право и услуги од социјалната заштита и заштита на децата

3. Ненавремено преземање на активности за заштита на децата во социјален ризик

4. Неисполнетост на условите за работа на установи за заштита на деца и установи за заштита на стари лица

5. Неоснована исплата на права од социјална заштита и заштита на децата во случај кога престанале условите за користење на правото по било која основа

## IX ДЕФИНИРАЊЕ НА РИЗИЧНИТЕ ОБЛАСТИ

Ризичните подрачја кои ќе бидат предмет на инспекцискиот надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата се дефинирани врз основа на стратешкиот план на министерството, како и утврдените приоритети во Програмата на Владата на РМ во делот на доследно спроведување на законските и подзаконските прописи од страна на сите субјекти.

Ризични области кои ке бидат предмет на инспекциски надзори во рамки на годишната програма се од областа на институционалната и вонинституционалната заштита на лицата изложени на социјален ризик, на семејно правните процеси (старателството) како и од областа на материјалната и социјалната сигурност на лицата изложени на социјален ризик.

## X ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИКОТ

Врз основа досегашното работење на инспекциската служба идентификувани се како ризици од неспроведување на законите во остварување на парични права од областа на социјалната заштита и заштитата на деца, како и недоследно почитување на законската регулатива во однос на институционална и вонинституционална заштита на лица под ризик.

## XI СЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Сложеноста на инспекцискиот надзор е утврден врз основа на ризикот на кој е изложен поединецот, детето или семејството -домаќинството.
Со оглед на тоа што социјалната и детската заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, како и правата на децата и нивното згрижување во установи за деца, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Сложеноста на инспекцискиот надзор е дефинирана во рамки на пресметката на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор со 5 коефициенти на сложеност.

## XII ИДЕНТИФИКУВАЊЕ СУБЈЕКТИ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Субјектите на инспекцискиот надзор во областа социјалната и детската заштита се идентификувани врз основа на законската и подзаконската регулатива, односно истите се ограничени во областа на инспекцискиот надзор.

## XIII ПЛАН НА МИНИМАЛНИ КВАНТИТАТИВНИ ЦЕЛИ

Врз основа на континуирано подобрување на состојбите во социјалната и детската заштита, бројот на очекуваните неправилности постојано се намалува,

поради што Инспекциската служба очекува намален број на прекршочни постапки и кривична одговорност.

## XIV ТОЧКИ ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК

Како ризични области во делот на инспекцискиот надзор можни се во областа на семејното законодавство, како и можни злоупотреби на парични средства на корисниците, во социјалната заштитиа и заштита на децата при прикривање на одредени податоци кои влијаеле на корисниците на правото , како и пропусти во работењето на стручните работници во установите.

## XV НОВИ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Инспекциската служба ќе се насочи кон примена на принципот за ефикасно и ефективно спроведување на надзорите, преку строго дефинирање на спроведувањето на инспекциските надзори на квартално и месечнио ниво за секој инспектор поединечно со посебен осврт на организацијата на спроведување на инспекциските надзори.

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата ќе спроведува Годишна програма за обуки на инспекторите со што ќе се обезбеди професионална надградба на инспекторите.

Министерот за труд и социјална политика, во иднина ќе преземе мерки за доекипирање на Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата особено во делот на заштита на децата има двајца инспектори кои ја покриваат таа материја, со што ќе се придонесе за спроведувањето на поголем број на

инспекциски надзори и ќе се постигне увид во спроведувањето на законот и подзаконските акти кај поголем број на субјекти од дејноста кои се предмет на надзор во текот на годината.

## XVI НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Начинот на следење и оценување на реализацијата на Годишната Програма ќе се остварува преку месечните и кварталните планови за работа за секој инспектор поединечно, како и извештаите за извршените надзори на месечно и квартално ниво за секој инспектор поединечно.

Од особена важност на министерот, е следењето и оценувањето на реализацијата на Годишната програма за работа во областа на социјалната заштита и заштита на децата, преку месечните извештаи ќе се следи реализацијата на месечните оперативни планови.

Согласно со предвидените рокови, навремено подготвување на записници во законски предвидениот рок, изречени препораки, укажувања, насоки, донесени решенија во рок, доставени покани за едукација, спроведени едукации, спроведени контролни надзори и донесени акти во однос на завршени постапки.

Министерот, врз основа на утврдени квантитативни и квалитативни критериуми, кои ќе бидат дел од кварталните планови за работа и кварталните извештаи за работа на инспекторот, кои се основа и за оценување на инспекторот, ќе го следи и оценува спроведувањето на Програмата.

Како квантитативни критериуми за успешност во спроведувањето на Програмата, се податоците од кварталниот план за работа и кварталниот извештај за работа на инспекторите и споредување на планираните и реализираните инспекциски надзори .

Како квалитативни критериуми за успешност во реализацијата на Програмата, се податоците и информациите добиени за почитување на законските рокови, за подготвување на записници и донесување на решенија, односот меѓу бројот на потврдени или укинати решенија, уредноста во водењето на предметите како и квалитетот на писменото изразување на инспекторот.

Особена контрола ќе се води во делот на изрекување на законски предвидени мерки и поведување на постапки согласно со закон, што ќе обезбедува ефективност, квалитет и доследност во работењето .

## XVII ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ

### 1. Редовен инспекциски надзор

Редовниот инспекциски надзор, ќе се спроведува во Центрите за социјална работа, Установите за социјална заштита, установи за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во следните области:

### 1.1. Право на парична помош од социјалната заштита и заштита на децата

1.1.1 Гарантирана минимална помош

-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Битола**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Велес**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Виница**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Гевгелија**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Гостивар**
-ЈУ Центар за социјална работа **Валандово**
-ЈУ Центар за социјална работа **Демир Хисар**
-ЈУ Центар за социјална работа **Кратово**
-ЈУ Центар за социјална работа **Крушево**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Крива Паланка**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Македонски Брод**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Неготино**

-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп
-ЈУ- Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Штип
- ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип
- ЈУ Центар за социјална работа Ресен

1.2 Надоместок заради попреченост

- ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово
- ЈУ Центар за социјална работа Виница
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес
- ЈУ Центар за социјална работа Кратово
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка
- ЈУ Центар за социјална работа Крушево
- ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар
- ЈУ Центар за социјална работа Валандово
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод
-ЈУ Центар за социјална работа Ресен
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе
-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје

-ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа **Струга**

1.3 Надоместок на плата за скратено работно време

-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Битола**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Кавадарци**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Куманово**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Прилеп**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Скопје**

1.4, 1.5, 1.6 и 1.7 Право на детски додаток, Посебен додаток, Еднократна парична помош за новороденче, Родителски додаток за дете, додаток за образование

- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Кочани**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Велес**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Гевгелија**
- ЈУ Центар за социјална работа **Кратово**
- ЈУ Центар за социјална работа **Пробиштип**
- ЈУ Центар за социјална работа **Виница**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Крива Паланка**
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Македонски Брод**
-ЈУ Центар за социјална работа **Радовиш**

8. Старателство

Во текот на 2020 година ќе се спроведат инспекциски надзори од областа на Законот за семејството и тоа во постапките за поставување на старател на лица на кои им е одземена или ограничена деловната способност, во постапката

за поставување на старател во посебни случаи и во постапката за поставување на старател над малолетни лица жртви на семејно насилство

- ЈУ Центар за социјална работа **Пробиштип**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Берово**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Битола**
- ЈУ Центар за социјална работа **Виница**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Велес**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Гевгелија**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Делчево**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Дебар**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Кавадарци**
- ЈУ Центар за социјална работа **Крушево**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Неготино**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Охрид**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Струмица**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Штип**

## 9. Постапка спрема деца во ризик согласно Законот за правда за децата

- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Берово**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Делчево**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Дебар**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Кичево**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Македонски Брод**
- ЈУ Мечуопштински центар за социјална работа **Свети Николе**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Тетово**
- ЈУ Центар за социјална работа **Виница**
- ЈУ Центар за социјална работа **Валандово**
- ЈУ Центар за социјална работа **Демир Хисар**
- ЈУ Центар за социјална работа **Кратово**
- ЈУ Центар за социјална работа **Крушево**

- ЈУ Центар за социјална работа **Пробиштип**
- ЈУ Центар за социјална работа **Ресен**

10. Јавни и приватни установи за згрижување и воспитување на деца

-ЈОУ ДГ „ Гоце Делчев„ Илинден- Скопје
-ЈОУ ДГ “ 25Мај Гази Баба-Скопје
-ЈОУДГ ‘Праскичка- Росоман
-ЈОУДГ “ Младост„- Тетово
-ЈОУ ДГ “ Корчагин„- Скопје
-ЈОУ ДГ “ Димче Мирчев -Велес
-ЈОУ ДГ “ Ангел Шајче- Куманово
-ЈОУ ДГ “ Калинка-Валандово
- ЈОУ ДГ “ Бамби- Македонска Каменица
-ЈОУ ДГ “ Царка Андреевска-Кратово
-ЈОУ ДГ “ Бисерчиња -Зрновци
-ЈОУ ДГ “ Детелинка – Крива Паланка
-ЈОУ ДГ “Гоце Делчев - Пробиштип
-ЈОУ ДГ ‘Гоце Делчев -Виница
-ЈОУДГ ‘Планински Цвет- Вевчани
-ЈОУ ДГ “ Весело штркче-Кривогаштани
-ЈОУ ДГ Олга Мицеска -Кичево
-ЈОУ ДГ 13 Ноември центар - Скопје
-ЈОУ ДГ Детска радост Гази Баба - Скопје
-ЈОУ ДГ ‘Пролет ” Карпош– Скопје
-ЈОУ ДГ Детска радост - Струмица
-ПУДГ ” Монтесори – Скопје
-ПУДГ ” Мариф- Скопје
-ПУДГ ” Реа- Скопје
-ПУДГ “ Спирит – Скопје
-ПУДГ “Твити- Битола
-ПУДГ “Мали генијалци„-Битола

Услуги на вон-семејна заштита

11. вонинституционала заштита, прифаќање во дневни центри, советувалишни и други услуги

- Хелсиншки комитет за човекови права- Скопје и подружница шелтер- центар„ Сигурна куќа„- Скопје
- Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта„- Скопје
- Зружение на граѓани “СОС Детско село “ Македонија
- Организација на жените на Град Скопје
- Кризен центар „Надеж„- Скопје

## 12. Згрижување во друго семејство

Во текот на 2020 година ќе се спроведат инспекциски надзори во остварувањето и користењето на правото на сместување во згрижувачко семејство во следните субјекти на надзор

- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Берово**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Гостивар**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Дебар**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Кочани**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Неготино**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Охрид**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Струга**
- ЈУ Центар за социјална работа **Валандово**
- ЈУ Центар за социјална работа **Кратово**
- ЈУ Центар за социјална работа **Ресен**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Свети Николе**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Македонски Брод**
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа **Штип**
- ЈУ Центар за социјална работа **Виница**

## 13. Контролен инспекциски надзор

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата ќе спроведува контролни инспекциски надзори по истекот на рокот определен во

инспекцискиот акт, врз основа на сопствена евиденција од страна на секој инспектор поединечно.

14. Вонреден инспекцискки надзор

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата по службена должност ќе спроведува вонредни инспекциски надзори од добиени граѓански иницијативи, претставки, надлежни органи, други органи , организации и правни лица, каде што постои интерес на граѓанинот, трети лица и/или општ интерес врз субјектите на надзорот, согласно со посочената иницијатива на барателот на вонредниот надзор.

15. СОРАБОТКА СО УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата ќе соработува со инспекторатот за труд, пазарната инспекција и други инспекции, како и други надлежни органи ( Агенција за вработување на Македонија, Управа за јавни приходи, Министерство за внатрешни работи , Фонд на пензиско и инвалидското осигурување, Народниот правобранител и Заводот за социјалните дејности невладиниот сектор и други ) во остварувањето на инспекциски надзор и доследно почитување на законските прописи од страна на утврдените субјекти.
Иницирање на преземање мерки и активности од надлежноста на други правни лица и органи за остварување координирано постапување по работи од заеднички интерес, се со цел надминување на согледаните неправилности во работата на субјектите – предмет на надзорот.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ

1. Надлежност за постапување и спроведување на Програмата

Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата, е надлежен за постапување и спроведување на Програмата.

**2. Надлежност за предлагање на измени или дополнување на донесената Програма**

По предлог на раководните лица од Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата, Програмата може да се измени или дополни од страна на министерот.

**3. Надлежност за следење на спроведувањето на Програмата**

Министерот е надлежен за следење на спроведување на Програмата.

4. Составен дел на Годишната програма е Прилог 1 е табеларнот приказ според субјекти на надзор и временска рамка.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила седум дена од денот на приемот на согласноста од Инспекцискиот совет, односно најдоцна до 10 декември во тековната година, доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2020година.

Скопје,
Арх.бр 16-

**Министер**
**за труд и социјална политика**
**Мила Царовска**